## 1.3. Останати макроекономски движења

***Во март 2003 година просечната нето плата по работник номинално и реално е повисока за 1,2% во однос на претходниот месец***

Просечната нето плата по работник во март 2003 година[1] изнесуваше 11.545 денари, што претставува номинално и реално зголемување за 1,2% во однос на претходниот месец (во март 2003 година трошоците на животот се задржаа непроменети во однос на претходниот месец). Месечно зголемување на платите е регистрирано во сите три сектори: земјоделството (11,4%), индустријата (2,9%) и секторот на услуги (0,8%). На годишна основа, просечната нето плата номинално е повисока за 5,3%, а реално за 5,6%. Истовремено, просечната нето плата во периодот јануари-март 2003 година во однос на истиот период од 2002 година, номинално и реално е повисока за 6,3%, (при регистриран пораст на платите во индустрискиот и услужниот сектор).

Графикон 5
Просечна нето плата
(промена во %, месец / претходен месец)




Од вкупниот број на вработени лица во Република Македонија, 25,2% не примиле плата за март 2003 година, што претставува намалување на процентот на неисплатени вработени за 0,2 процентни поени во споредба со претходниот месец.

***Во април 2003 година регистриран е мал месечен пад на вкупните буџетски приходи...***

По остварениот висок пораст во претходниот месец, вкупните приходи на централниот буџет во април 2003 година се намалија за 0,2% и изнесуваа 5.696 милиони денари. Малиот месечен пад на вкупните буџетски приходи произлегува од намалените изворни приходи (за 2,5%), при намалени даночни приходи (за 1,1%). Во рамки на позначајните видови на даночни приходи, намалување бележат приходите од данокот на добивка (како одраз на високата споредбена основа од претходниот месец) и приходите од царини.

[1] Последен расположлив податок.

Графикон 6
Вкупни приходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...и кумулативно намалување од 17,6%*

Во периодот јануари-април 2003 година вкупните буџетски приходи изнесуваа 19.560 милиони денари, што е за 17,6% помалку во однос на истиот период од 2002 година. Кумулативно намалување е регистрирано кај сите главни приходни категории, при најголем пад на приходите од финансирање (за 61,9%), што резултираше со намалување на нивното учество во вкупната приходна структура за 12,9 процентни поени (при истовремено зголемување на учеството на изворните приходи за 12,8 процентни поени).

Графикон 7
Вкупни приходи и расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*Вкупните буџетските расходи во април 2003 година беа зголемени за 23,5% во однос на претходниот месец...*

Вкупните буџетски расходи во април 2003 година изнесуваа 5.928 милиони денари и беа за 23,5% повисоки во однос на претходниот месец. Структурно анализирано, пораст е регистриран кај сите главни расходни категории (со исклучок на расходите за резерви кои се задржаа на нивото од претходниот месец). Најзабележителен пораст оствариja расходите за финансирање (отплата на главница на домашен долг, односно исплатата на достасаната трета рата на обврзниците за старото девизно штедење на 01.04.2003 година). Тоа услови зголемување на нивното учество во вкупната расходна структура за 15,3 процентни поени, наспроти намалувањето на учеството на тековните трошоци за 15,4 процентни поени.

Графикон 8
Вкупни расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...додека на кумулативна основа забележаа пад од 12,3%*

Кумулативно анализирано, во периодот јануари-април 2003 година вкупните буџетски расходи изнесуваа 20.047 милиони денари и во однос на истиот период од претходната година беа пониски за 12,3%. Најголемо намалување бележат капиталните трошоци (за 71,6%), што доведе до намалување на нивното учество во вкупните расходи (за 6,3 процентни поени). Истовремено, кај тековните трошоци е регистриран пад од 12,8% кој произлегува од намалените трошоци за стоки и услуги, за трансфери и камати.